ОПШТИНА КАРПОШ

До: Градоначалник на Општина Карпош,
Раководител на Сектор за финансиски прашања

Предлагач: Координатор за еднакви можности на жените и мажите и Комисија за еднакви можности

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА
за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година

Скопје, ноември 2024 година

ВОВЕД

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2025 година има цел да го промовира и унапреди начелото за еднаквост меѓу жените и мажите согласно со Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014), Законот за спречување и заштита од дискриминација и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство.

Програмата предвидува организирање на трибини, работилници и советувања од повеќе области, како и конкретни проекти чие имплементирање ќе придонесе за зголемување на нивото на јавната свест за потребата од еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Програмата ќе се реализира во рамките на расположливите материјални и финансиски средства, во соработка со надлежните институции во државата, невладини организации, како и здруженија на граѓани кои дејствуваат во сферата на правата на жените.

Врз основа на член 22, став 1, точка 13; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24“), Советот на Општина Карпош, на ________________ седница, одржана на____________ 2024 година, донесе

**ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА**
**за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2025 година**

## I. Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во општина Карпош за 2025 година предвидува неколку приоритетни области за унапредување и промовирање на концептот за еднакви можности меѓу жените и мажите во општина Карпош.

Приоритетни цели предвидени во Програмата се:

1. Унапредување на здравјето на жените
2. Превенција и советување за спречување на семејното насилство и помош на жртвите од семејно насилство
3. Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација
4. Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба
5. Одржливост на локалната канцеларија за родителство
6. Фитнес за жени
7. Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво

## II. Проектни активности

| 1. | Унапредување на здравјето на жените |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на трибини и работилници за психо-социјална поддршка за рехабилитација на жени кои се лекуваат од канцер |
| **Предлагач:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да се обезбеди психо-социјална рехабилитација и поддршка на жени кои се соочуваат со состојба на канцер |
| **Очекувани резултати:** | Емоционално и психичко зајакнување на жените кои се или биле заболени од канцер преку активности за социјализација, едукација, самодоверба и мотивација |
| **Целна група:** | Сите жители од Општина Карпош. |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000,00 денари |

| 2. | Превенција и советување за спречување на семејното насилство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Одржување на работилници за подигање на свеста за спречување на семејното насилство и насилството кај жените, изработка на локална стратегија за заштита и помош на жртвите од семејно насилство и насилство врз жените |
| **Предлагач** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |

| | |
|---|---|
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство и негово препознавање и помош на жртвите од семејно насилство. Спроведување на законските регулативи и обврски на ЕЛС кои произлегуваат од Истанбулската конвенција |
| **Очекувани резултати:** | Подигање на свеста за постоење на семејното насилство во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од семејно насилство, особено кај децата; укажување на законските регулативи за спречување на семејното насилство. |
| **Целна група:** | Жени и деца жртви на семејно насилство. Жртви на семејно насилство од целата држава |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 300.000,00 денари |

| 3. | **Промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација** |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на проекти и активности од областа на спречување и заштита од дискриминација врз основа на пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, јазик, раса, религија или верско убедување, возраст, општествен статус и било која друга основа, како и активности кои се насочени кон обезбедување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација во остварувањето на човековите права и слободи. |
| **Предлагач** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Подигање на свеста за постоење на дискриминацијата во нашето опкружување; изнаоѓање на начин за откривање и препознавање на жртвите од дискриминација по било кој основ; |

| | |
|---|---|
| | укажување на законските регулативи за спречување на дискриминацијата.<br>-Превземање мерки или дејствија за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација |
| **Очекувани резултати:** | Препознавање на дискриминацијата по сите основи, подигање на свеста за владеење на принципот на еднаквост, запознавање со правната регулатива која произлегува од законот за заштита од дискримнација, учење за еднаквоста и еднаквите човекови права и слободи кои важат за сите луѓе подеднакво бвез разлика на пол, род, родов идентитет, сексуслана определба, општествен и социјален статус или било кој друг основ. |
| **Целна група:** | Сите жители на Општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 100.000,00 денари |

| 4. | Подигање на дигиталната способност кај лицата од трета доба |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на проект и проектни активности кои се во насока на зголемување на дигиталните способности и интернет знаењата кај лицата од трета доба |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да им се помогне на старите лица за користење на ИТ технологијата и смарт телефоните и со тоа да им се олесни нивната комуникација преку интернет со најблиските, да им даде знаење за користење на интернет услугите како е-банкинг и други апликации и софтвери |
| **Очекувани резултати:** | Зголемени знаења кај постарите лица во однос на интернетот и ИТ технологијата |

| | |
|---|---|
| **Целна група:** | Пензионери, постари лица од општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 600.000,00 ден |

| 5. | Одржување на локалната канцеларија за родителство |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Во соработка со компетентни НО и здруженија, специјалисти од областа, да се овозможи понатаможно функционирање на локалната канцеларија за родителство за деца од 6 до 10 години и обука на стручните служби од општинските основни училишта за фасилитатори за родителство за деца од 10 до 16 години |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Да им се пружи професионална помош и поддршка на родителите за полесно справување со потешкотии и проблеми во воспитувањето и развојот на децата од најмала возраст, адолесценција, пубертет. |
| **Очекувани резултати:** | Навремена и професионална помош на родителите и нивно полесно справување со сите предизвици кои ги носи родителство |
| **Целна група:** | Сите родители кои се жители во општина Карпош и децата кои се ученици во општинските основни училишта |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000.00 ден |

| 6. | Фитнес за жени |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Спроведување на бесплатни часови по фитнес, пилатес, јога и други спортски техники |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Унапредување на здравјето и здравите навики кај жените |
| **Очекувани резултати:** | Зголемена свест за спортување, подобрување на здравствената состојба, создавање здрави навики за живот |
| **Целна група:** | Сите жени од општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 150.000.00 ден |

| 7. | Поддршка на Локалниот совет за женско претприемништво |
|---|---|
| **Опис на активности:** | - Изработка на регистер на жени претприемачи од општина Карпош,<br>- Изработка на веб страна<br>- Учество на настани од областа<br>- Меѓуопштинска соработка<br>- Организирање на активности за поддршка на жените претприемачи |
| **Предлагач на проектот:** | Општината ќе спроведе јавен повик за избор на реализатор на проект од областа |
| **Стратешки насоки и цели:** | Промоција и поддршка на жените претприемачи од општина Карпош |
| **Очекувани резултати:** | Зголемен број на нови бизниси, вмрежување на жените претприемачи, соработка и поддршка со сите релавантни тела и институции |
| **Целна група:** | Сите жени од општина Карпош |
| **Предвидена финансиска рамка:** | 200.000.00 ден |

**Вкупна предвидена финансиска рамка: 1.700.000,00 денари**

## III. Финансирање

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од 1.700.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2025 година.

Програмата е отворена за изменување и дополнување во текот на целата година согласно потребите кои ќе се појават.

## IV. Завршни одредби

Координаторот за еднакви можности меѓу жените и мажите со Секторот за финансиски прашања и Секторот за јавни набавки ќе изработат динамички план со финансиски и временски рамки за полесно имплементирање и следење на реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа Програма. Покренувањето на нови иницијативи, како и давање мислења и предлози заради остварување на целите на Програмата, а истото може да биде дел од кој било сектор на Општината во непосредна соработка со  Градоначалникот на Општина Карпош.